**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

**ПРЕДЛАГАЧ: Советничка група на Граѓанска иницијатива**
**ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД**

# ПРЕДЛОГ-ЗАКЛУЧОК
## за јавно објавување на решенијата за интервенција врз зеленило издадени од Град Скопје врз основа на Законот за урбано зеленило

Скопје, декември 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на чл. 36 став (1) алинеја 15 од Законот за локалната самоуправа и член 112 став (1) од Деловникот на Советот на Град Скопје, Советот на Град Скопје на дваесет и првата седница одржана на 14 декември 2022 г. го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК
за јавно објавување на решенијата за интервенција врз зеленило
издадени од Град Скопје врз основа на Законот за урбано зеленило

1. Се задолжува градоначалникот на Град Скопје во рок од еден ден од донесувањето на овој Заклучок почитувајќи го Законот за заштита на личните податоци да ги објавува јавно на сите канали за електронска комуникација со граѓаните со кои располага Градот Скопје сите решенија (вклучително записниците) за интервенција врз зеленило донесени врз основа на чл. 29 и 34 од Законот за урбано зеленило на истиот ден кога ги издава.

2. Се задолжува градоначалникот на Град Скопје правосилноста на јавно објавените решенија за интервенција врз зеленило да ја утврдува по завршувањето на процесите во законски утврдениот рок за жалба.

3. Се задолжува градоначалникот на Град Скопје да го обезбеди доследното извршување на овој Заклучок во согласност со чл. 50 став (1) алинеја 4 од Законот за локалната самоуправа.

4. Заклучокот влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Образложение

Постапката за интервенција врз зеленило се спроведува во согласност со член 29 од Законот за урбано зеленило.

Постапката за донесување решение за интервенција врз зеленило од членовите 29 и 34 од Законот за урбано зеленило се води според Законот за општата управна постапка (ЗОУП), имајќи предвид дека во членот 2 став (1) од ЗОУП е наведено дека овој закон се применува за сите управни дејствија на јавните органи и на давателите на услуги.

Во решенијата за интервенција врз зеленило кои ги носи Секторот за комунални работи / Градот Скопје е наведена правна поука во согласност со ЗОУП со која се даваат 15 дена рок за обжалување на издаденото решение до Министерството за животна средина и просторно планирање, меѓутоа Градот Скопје не ги објавува јавно издадените решенија со што граѓаните се оневозможени навремено да реагираат како засегната страна до Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) во законски утврдениот рок од 15 дена.

Според чл. 4 став (1) од ЗОУП, алинеи 5, 6 и 8:
**„Управното дејствие“ опфаќа донесување на управни акти**, склучување на управни договори, заштита на корисниците на јавни услуги и услуги од општ интерес, како и преземање на други управни дејствија во управните работи во согласност со закон;
**„Управен акт“** е поединечен акт на јавен орган кој е донесен врз основа на закон со кој се решава за правата, обврските и правните интереси на странките. **Управните акти можат да бидат насловени како решение**, одлука, наредба, лиценца, дозвола, забрана, одобрение или други;
**„Странка“ е секое физичко или правно лице**, по чие барање е поведена управната постапка, против кое е поведена управната постапка, кое е вклучено во постапка поведена по службена должност, или **кое заради заштита на своите права или правни интереси има право да учествува во управната постапка**. Странка може да биде и јавен орган, подружница или друга деловна единица на трговско друштво, населба и слично или група лица, иако немаат својство на правно лице;

Според чл. 16 од ЗОУП, управниот акт станува правосилен доколку странката се откаже од правото на жалба.

Во согласност со чл. 6 став (1) алинеи 1 и 5 од Законот за урбано зеленило, основни принципи за заштита и унапредување на зеленилото се:
1. Одржливост што подразбира систем на општествени и економски активности со кои се обезбедува соодветно користење на постојните зелени површини, нивно зачувување, заштита и унапредување, во согласност со воспоставени стандарди и нормативи.
5. Пристап до информации и учество на јавноста што подразбира обезбедување право на пристап до информации на секој граѓанин за активностите поврзани со зелените површини, со кои располагаат органите на управата и стручните организации на кои им се доверени работите за одржување и унапредување на зелените површини, вклучувајќи ја и можноста да учествуваат во процесот на донесување одлуки.

Во согласност со чл. 6 став (2) од Законот за урбано зеленило, за заштитата и унапредувањето на зелените површини се применуваат и основните начела за заштита на животната средина, во согласност со закон

Во согласност со чл. 17 од Законот за животната средина (ЗЖС), органите на државната власт и органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, се должни да ги обезбедат сите потребни мерки и да пропишат постапки со кои се обезбедува остварување на правото на пристап до информациите и учество на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на состојбата на животната средина, како и да обезбедат изјаснување на јавноста во постапката за донесување на тие одлуки.

Во согласност со чл. 156 став (2) од Законот за заштита на природата (ЗЗП), јавноста се известува со јавен оглас или поединечно известување до заинтересираните субјекти за актот или дејноста кои можат да влијаат на состојбата на природата.

Со оглед што основната цел на Законот за урбано зеленило е управување со урбаното зеленило на начин на кој трајно ќе се сочува и ќе се зголеми неговата вредност, за да може да ги врши своите функции:

- подобрување на квалитетот на воздухот,
- подобрување на здравјето на граѓаните,
- подобрување на микроклимата,
- намалување на бучавата,
- намалување на загадувањето на почвата,
- зачувување на биолошката разновидност,
- заштита од прекумерна инсолација,
- адаптирање кон климатските промени,
- намалување на лизгањето и ерозијата на земјиштето,
- естетско облагородување и декорација на теренот,
- создавање услови за спорт, одмор и рекреација,
- социјална интеграција на заедниците и подобар квалитет на живот,
- зачувување на естетскиот, историскиот и културниот идентитет на градот,
- заштита на пејзажните вредности во урбаните предели;

Со оглед што во чл. 43 од Уставот е наведено дека секој е должен да ги штити и унапредува животната средина и природата;

Со оглед што во чл. 2 од Законот за заштита на природата е наведено дека заштитата на природата е дејност од јавен интерес;

Со оглед што во чл. 3 од Законот за животната средина е наведено дека мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес;

Решенијата за интервенција врз зеленило кои ги носи Градот Скопје е задолжително јавно да бидат објавувани на електронските канали за комуникација со граѓаните во сопственост на Градот Скопје на денот на нивното издавање за Градот да ги исполни своите законски обврски и да овозможи непречен пристап до правда за граѓаните во процеси кои влијаат и / или се однесуваат на состојбата на животната средина и природата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Трајко Славески